Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 29.08.2023
01 2786/19 1

КАНАЛ 5 ТЕЛЕВИЗИЈА:
Сериозни забелешки на Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Почитувани пријатели од АВМУ, сметам дека дел од предложениот нацрт правилник е во спротивност со елементарната логика на секој бизнис па така и на медиумскиот бизнис.
Затоа се неприфатливи следниве 2 моменти:

**1. Бројот на потенцијални корисници на некоја услуга, во овој случај медиумски услуги го детерминира квантитетот и квалитетот на давателот на услугата, во овој случај – медиумската услуга.**

Еве неколку аналогии: Дали правилникот на УЕФА за стадиони на кои може да се игра еден фудбалски натпревар во некој од клубските првенства зависи од локацијата на тој стадион или пак од квалитетот на градбата на истиот, теренот, помошните простории и сл.? Стадионот може да биде лоциран и во Пехчево но ако е според сите стандарди на УЕФА, македонската репрезентација ќе дозволи да се игра на истиот.
Дали дозволата за трговски молови кои можат да работат во неделите, зависи од локацијата, или од другите параметри – квадратура, дополнителни продавници и сл?
Дали не сметате дека зрачењето преку сателит има далеку поголем потенцијал за гледачи ( reach ) за разлика од националните терестријални телевизии? Како е можно да постои толкава дискрапанца во бројот на вработени/лица кои учествуваат во создавање на програма.
Затоа сметам дека категоризација според алотмент зони и број на жители во одреден регион НЕ СМЕЕ да биде предуслов за број на вработени лица

**2. Дефиниција на Лица кои учествуваат во создавањето на програмата, во смисла на овој Правилник, а согласно Националната класификација на занимања од 2015 година.**

Почитувани, со оваа дефиниција правите сериозна дискриминација на позиции во еден радиодифузер кои се и директно но и индиректно одговорни или учествуваат во креирање на програмата.
На пр: Вработени во маркетинг сектор – лицата вработени во овој оддел се одговорни за креирање на програми во кои ќе имаме PP програма. Како е можно МАРКЕТИНГ одделот да не е вклучен? Исто така, тимот за промоција е многу важен сегмент за креирање на програмска содржина на дневно ниво, исто како и делот за анализа на програмата.
Дополнително, обезбедувањето, сценографските работници, возачите се директни учесници во процесот на создавање на програма во еден радиодифузер.

Не би сакал ниту да помислам дека ваквата категоризација на бројот на вработени според „локација“ и дефиницијата на лицата кои учествуваат во креирање на програмата се со цел да се „спасат“ дел од кабелските/сателитските, регионалните и локалните радиодифузери.

**Следуваат конкретните забелешки:**
**Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос да има најмалку:**

1) 90 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку терестријален предавател;

2) 60 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит;

3) 25 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д1-Скопје;

4) 15 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионите: Д1-Црн Врв, Д2-Страцин, Д3-Туртел, Д4-Боскија, Д5-Пелистер, Д6-Мали Влај и Д8-Попова Шапка;

5) 15 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д7-Стогово;

6) 15 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители;

7) 15 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје од 10.000 до 50.000 жители;

8) 15 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со под 10.000 жители

**Лица кои учествуваат во создавањето на програмата, во смисла на овој Правилник, а согласно Националната класификација на занимања од 2015 година, се лицата кои се вработени во радиодифузерот на следните работни места:**

1) Новинари (новинар, коментатор, критичар, репортер, редактор, составувач на рекламни огласи, музички уредник, ликовен уредник, филмски критичар и публицист, одговорен уредник, помошник и главен уредник, уредник за забавно-сценска програма, уредник за концертна програма и уредник за видеопрограма);

2) спикер на радио и телевизија (водител на програма, водител на радиопрограма, водител на телевизиска програма, спикер);

3) техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук (сниматель на слика, миксер на слика, снимател на тон, техничар за тонски ефекти, миксер на тон, монтажер на слика и тон, оператор на радиостаница, оператор на ТВ станица, оператор во радиоемисија, оператор во ТВ емисија).

**4) актери, организатори, логистичари, маркетинг креатори, новинари во промотивните редакции, возачи, обезбедување, лектори, преведувачи, новинари и техничари на елекронски медиуми/сајтови, аналитичари**